ПРЕДМЕТ: **Повик за фацилитатор-и за обуки за Концептот на Недискриминација и Еднаквост**

Референтен број: 12-8669/1; 0503-204

Почитувани,

Асоцијацијата за Демократски Иницијативи (АДИ) објавува повик за фацилитатор-и за обуки за Концептот на недискриминација и еднаквост за потребите на проектот**: „Граѓанското општество во акција за еднаквост“**. Проектот е финансиран од Европската Унија (ЕУ). Со повикот, ќе биде избран еден (1) фацилитатор за обуките, кој ќе биде одговорен за координација на обуките и помагање на обучувачите, за потребите на проектот во согласност со доставениот ***Опис на надлежности.*** Набавката на услугите е делива. Проектот „Граѓанското општество во акција за еднаквост“ се имплементира во рамки на ИПА Национална програма за транзициска помош и градење на институциите 2011, Грантова шема “Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанското општество“- EuropeAid/136-625/ID/ACT/MK, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Р.М. и Асоцијацијата за Демократски Иницијативи (АДИ) во партнерство со Центар за Ромска Заедница (ДРОМ) Куманово и Асоцијација Иницијатива за социјална промена (ИнСоК) Скопје.

Во рамки на проектот планирано е ангажирање на фацилитатор-и. За таа цел заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи: Прилог 2. Ваша биографија и Прилог 3. Пропратно писмо со краток опис за мотивот за пријавување на повикот и понудена предлог содржина. Подетални информации за бараниот ангажман се дадени во Прилог 1: Опис на надлежности.

Клучен критериум за избор на фацилитатор-и (добавувач-и ) ќе бидат образованието, професионалното искуство и квалификациите и вештините за фацилитирање на обуките и помагање на обучувачите според понудената предлог - содржина од Прилог 3.

Понудата се доставува преку е-пошта на: katica@adi.org.mk или до архивата на АДИ, бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар.

Понудата треба да се достави во рок од 5 дена од денот на објавување на огласот, **но не подоцна од 11.04.2016 г до 16 часот.**

Лулзим Хазири,

Извршен директор,

**ПРИЛОГ 1: ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ**

## 1. ЦЕЛ, НАМЕНА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

### 1.1. Цел

Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) Гостивар, во партнерство со Центар за Ромска заедница (ДРОМ) Куманово и Асоцијација Иницијатива за социјална промена (ИнСоК) Скопје го спроведува проектот „Граѓанското општество во акција за еднаквост“. Проектот се спроведува во рамки на ИПА Национална програма за транзициска помош и градење на институциите 2011, Грантова шема “Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанското општество“-EuropeAid/136-625/ID/ACT/MK. Проектот е финансиран од Делегацијата на ЕУ, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Р.М.

Општата цел на проектот е да се поддржи активното вклучување на граѓанското општество во спроведувањето на недискриминациските политики и практики. Посебни цели се да се зајакне капацитетот на граѓанските организации да ги промовираат и мониторираат недискриминациските стандарди и практики; да се зајакне меѓу-институционалната соработка за превенција и борба против дискриминација на локално ниво; да се подигне свеста за законодавството и концептот на еднаквост.

Целна област: општините Гостивар, Тетово, Прилеп, Битола, Шуто Оризари, Куманово, Штип, и Берово.

### 1.2. Намена и очекувани резултати

Намената на конкретната активност е градење капацитети и обезбедување на програма за обука која се фокусира на недискриминација и еднаквост на локалните организации на граѓанското општество, локалните институции, Комисијата за односи меѓу заедниците и Комисијата за еднакви можности, социјалните партнери и медиуми од секоја општина. На вкупно три обуки (2 дена една обука) ке има најмалку 22 учесници по обука / 66 вкупно.

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

### 2.1 Опис на задачата

Во рамките на проектните активности предвидено е ангажирање на еден фасилитатор по обука за Концептот на недискриминација и еднаквост.

За таа цел АДИ ќе ангажира по еден фацилитатор по обука кој ќе биде одговорен за координација на обуките и помагање на обучувачите за проектот “Граѓанското општество во акција за еднаквост!“.

Обуката ќе биде корисна алатка за вмрежување, размена на искуства, знаења и информации за состојбата со недискриминација и еднаквост како и вклучување на граѓанското општество во изградба на локални мрежи за еднаквост.

## 2.2. Специфични активности

Во фокусот и нивото на обука ќе одговара на потребите на учесниците со цел обуката да го добие посакуваниот резултат. Затоа, содржината на обуката ќе биде развиена во согласност со наодите од проценката на локалните потреби, но најмалку следниве теми ќе бидат опфатени:

• Рамка на Европската Унија за недискриминација / еднаквост;

• Националното законодавство за недискриминација;

• Постапките за спроведување на правото на еднаков третман и;

• Мандатот на заштитните механизми односно националната Комисија за заштита од дискриминација и Народниот правобранител;

Обуките ќе обезбедат можност да се објасни содржината на директивите на ЕУ за антидискриминација и нивно вклучување во националното законодавство со цел да се бори против нееднаквиот третман и да се промовира еднаквост. Покрај теоретскиот дел на обуката, важна точка  ќе бидат и  конкретните проблеми поврзани со дискриминација во локалните заедници ,предлози и решенија за нив.

За процесот на подготовка и спроведување на обуки ќе бидат одговорни обучувачите заедно со АДИ, ИнСоК и ДРОМ кои ќе обезбедат и техничка поддршка за оваа активност.

Покрај едукативната компонента на обуките, истовремено ќе бидат корисна алатка за воспоставување на вмрежување, размена на искуства, знаења и информации за стратегијата на телата за еднаквост за вклучување на граѓанското општество во изградба на локалната инфраструктура за еднаквост.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1 Датум на започнување и период на спроведување на специфичните активности

Планиран период за ангажман на фацилитатор за обуката Концептот на недискриминација и еднаквост е 18 април- 31 мај 2016.

### 3.2. Цена

Вкупните планирани финансиски средства според финансискиот план изнесуваат 720€ (евра) /44.422 МКД ( 6 работни дена х 120 евра / дневно = 720 евра). Трошоците паѓаат на сметка на проектот **„Граѓанското општество во акција за еднаквост“**.

**Критериуми**

***Квалификации и вештини***

- Завршено средно образование
- Апсолвент или завршено високо образование ќе се смета за предност
- Одлични комуникациски вештини и вештини за тимска работа;

***Професионално искуство***

- Најмалку една (1) година искуство во фацилитирање на обуки, семинари поврзани со граѓанското општество/ или пак искуство во локални проекти.

***Специфично професионално искуство***

- Учество на обуки, семинари, конференции и слични настани од областа на граѓанското општество, човекови права, недискриминација;
- Најмалку едно (1) искуство во фацилитирање на обуки, семинари и сл.

## ПРИЛОГ 2. РАБОТНА БИОГРАФИЈА

**Предложена улога на проектот:**

Презиме:

Име:

Датум на прием:

Националност:

Граѓански статус:

Образование:

| Институција (Датум од – Датум до) | Степен(-) или диплома(-и): |
|---|---|
| | |
| | |

**Јазични вештини:** Наведете го нивото на знаење на скала од 1 до 5 (1 – одлично познавање; 5 – основно познавање)

| Јазик | Читање | Говорење | Пишување |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Членство во професионални организации:

**Други вештини:** (на пр. компјутери и слично)

Сегашна позиција:

Години во фирмата:

**Клучни квалификации:** (Релевантни за проектот)

Конкретно искуство во регионот:

| Земја | (Датум од – Датум до) |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

Професионално искуство

| (Датум од – Датум до) | Локација | Компанија и лице за препораки[1] (име и детали за контакт) | Позиција | Опис |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Други релевантни информации (на пр. публикации)

## ПРИЛОГ 3. ПОПРАТНО ПИСМО

Further Development and Financial Sustainability of the Civil Society
Project: Civil society in action for equality!
Contract no. 12-8669/1

The Project is funded
by the European Union

# ДОГОВОР ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОВРЕМЕНИ РАБОТИ

Склучен на

април , 2016

___________________________

помеѓу

*Асоцијација за демократска иницијатива*
(во понатамошен текст АДИ)

И

___________________________________

Матичен број:______________________

Место на живеење:

(во понатамошен текст - фацилитатор)

The Project is implemented by:

**Член 1**

АДИ ќе го ангажира фасилитатор за обуките за Концептот на недискриминација и еднаквост за потребите на проектот "Граѓанското општество во акција за еднаквост!", финансиски поддржан од Делегацијата не ЕУ, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријата на Владата на Р.М. во временскиот период од 18 април до 31 мај 2016.

**Член 2**

Исплатата ќе се изврши по доставувањето на табелата за временската ангажираност.

Член 3

Максималната вредност на работите изнесува ___________ Износот е нето износ.

**Член 4**

Сите давачки за персонален данок паѓаат на товар на АДИ.

**Член 5**

Договорните страни може да го прекинат овој договор со претходна најава од 7 дена.

**Член 6**

АДИ може да го поништи овој договор во случај фасилитаторот го крши законот, не ги извршува работните задачи или стори дело кое може да го дискредитира АДИ.

**Член 7**

АДИ може во секое време да го прекине или поништи овој договор во случај активностите на кои е ангжиран работникот се суспендирани или прекинати.

**Член 8**

Овој договор е направен во два истоветни примероци, еден за фасилитатор и еден за АДИ.

**Член 9**

За секој спор кој што произлегува од овој договор надлежен е Основниот Суд во Гостивар.

Фацилитатор АДИ

Лулзим Хазири

Извршен директор

___________________ (М.П) ____________________

Потпис Потпис